Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-1322/1 од 15.04.2025 година, оформен по доставена пријава против ЈПКД Комуналец ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се утврдени елементи на коруптивни дејствија во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставaт на понатамошно постапување до Основно јавно обвинителство ----.

Предметот со бр. 12-1322/1 од 15.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 15.04.2025 година, поднесена е пријава против ЈПКД Комуналец ---- и оформен е предмет бр. 12-1322/1 од 15.04.2025 година.
Подносителот укажува на сомнежи за незаконски спроведена постапка за јавна набавка по јавен оглас бр. ----/2025 од страна на ЈПКД Комуналец ----. Подносителот се сомневал на детално утврдените карактеристики на стоки под три редни броеви во неделива набавка, кои упатувале на конкретни производи. Реден број еден – алуминиум сулфат бил со карактеристики кои оддавале сомнение дека биле препишани од техничкиот лист на производител Kemira, реден број два – постоело истото сомнение дека се работело за анјонски

полиекриламид од производител Kemira под назив Superfloc A-110 pwg и реден број три бил со наведени детални карактеристики со цел ограничување на конкуренцијата.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до ЈПКД Комуналец ---- (понатаму: Јавно претпријатие) и Бирото за јавни набавки (понатаму: БЈН), со цел обезбедување на документација во врска со пријавениот случај.

Во законски утврдениот рок, од страна на јавното претпријатие, како и од страна на БЈН беше доставена на увид бараната тендерска документација.

ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации и до Комисијата за заштита на конкуренцијата (понатаму: КЗК), со кое бара од КЗК информација по гореопишаните наводи, односно да постапат согласно нивните надлежности утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/2010, бр.136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), доколку ценат дека има основа за истото.
Од страна на КЗК беше доставен допис бр. 03-----/2 од 30.10.2025 година, со образложение дека по разгледување на тендерската документација за јавен оглас бр.----/2025 за јавна набавка на алуминим сулфат за вода за пиење, утврдила дека била спроведена отворена постапка со критериум за доделување на договор најниска цена, со право на учество и понуда на секој економски оператор чија понуда е прифатлива согласно критериумите од објавениот оглас, со што по завршување на постапката во законски пропишаниот рок би се склучил Договор за набавката.

Од анализирањето на предметните наводи и документација извршено од страна на ДКСК, произлегува следната фактичка состојба:

*Согласно член 88 став (4) точка а) од Законот за јавни набавки, договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка, доколку оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Заклучокот од оваа точка се смета дека е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка.*

*Според член 138 став (1) од Законот за јавните набавки, секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.*
*Дополнително во согласност со член 143 став (1) точка 1) од Законот за јавни набавки, жалба, во определен рок, меѓу другото се изјавува и во однос на содржината на огласот или тендерската документација.*

Жалба се вложува во роковите и во форма утврдени со законот, а надлежен орган за решавање по жалби во постапките за јавни набавки е Државната комисија за жалби по јавни набавки. Во конкретниот случај, подносителот на пријавата не изјавил жалба, ниту во однос на содржината на огласот ниту во однос на тендерската документација, односно не барал правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.

ДКСК согласно пропишаното во одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да проценува дали техничката спецификацијата е изготвена спротивно на Законот за јавни набавки на начин што би се ограничила конкуренцијата како што се тврди во пријавата, поради тоа што надлежна институција за гонење на криминал и корупција во јавните набавки е Основно јавно обвинителство ----.

За понатамошно надлежно постапување ДКСК ќе го достави предметот на Основно јавно обвинителство ----.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д./S.D член/anëtar на ДКСК